**АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**
**Су – 03-113/23**
**05.04.2023 година**
**Скопје**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**

# СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

## ПРОГРАМА и ПЛАН

## 2023-2025

**март, 2023 година**

**СОДРЖИНА:**

1. **Вовед** .......... **3**

2. **Цел** .......... **4**

3. **Листа на поими** .......... **5**

4. **Законска рамка** .......... **6**

5. **Проценка на ризици од корупција** .......... **8**

5.1 **Клучни фактори во борба со корупцијата** .......... **8**

5.2 **Ризични области за корупција и судир на интереси во рамки на делокругот на работење на Апелационен суд Скопје** .......... **10**

5.3 **Алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области** .......... **11**

6. **Акционен план на Апелационен суд Скопје** .......... **12**

1. **Вовед**

Судството е една од трите власти на секоја демократска држава. Неговата мисија е да го гарантира самото постоење на владеењето на правото и, на тој начин, да обезбеди правилна примена на законот на непристрасен, праведен, фер и ефикасен начин.

Корупција претставува закана за владеењето на правото, демократијата и човековите права, чесноста и социјалната правда. Независно, непристрасно, професионално и одговорно судство е важен столб на секоја држава, особено на држава која е во процес на приближување кон Европската унија. Оваа инхерентна и неизбежна појава во сите општества низ целата човекова историја, преку нејзините најчести форми: злоупотреба на службена должност, поткуп, тргување со влијание, користење на службени добра за лични потреби, судир на интереси, изнуда, непотизам, кронизам, само-договарање (доделување на договор на сопствена или роднинска фирма и др. ), со своето негативно влијание, лесно може да надре во сите пори на општествениот живот при што врши ерозија на институционалните капацитети на власта, го поткопува легитимитет на државните институции, со што се намалуваат демократските вредности - довербата и толеранцијата.

Во услови на намалена доверба на институциите на судството, од приоритетно значење и важност е бескомпромисна и неселективна борба против корупцијата. Програмата со планот за спречување на корупција и судир на интереси 2023-25 година на Апелациониот суд Скопје е алатка која ги врамува напорите на Судот да во согласност со Уставот, законите, меѓународните документи, етички кодекси и внатрешни процедури на работење, имплементирајќи ги зацртаните основни вредности[1], Судот, вршејќи ја својата основна надлежност, ја оствари својата мисија[2] и визија[3].

Со цел унапредување на процесите на одлучување, зголемување на ефикасноста, унапредено предвидување и оптимизирање на расположливите средства и ресурси, зајакнување на довербата и развој на позитивна организациска култура, Апелациониот суд Скопје, од ден 15.07.2021 година, имплементира Методологија за идентификација, вреднување и анализа на ризици. Истата како таква, за Апелациониот суд Скопје претставува рамка за вреднувањето на ризиците[4] при работењето и остварувањето на основната функција на Судот, анализа на истите со опис (идентификација) на ризиците, нивно дефинирање, вреднување/оценка на интензитетот на опасност од ризикот, изложеност, последиците, отпорноста на Судот од конкретниот ризик, веројатноста за негово настанување и влијанието на ризикот врз остварувањето на функцијата и надлежноста на Судот, но и начин на управување на истите. Регистарот на ризици на Апелациониот суд Скопје брои 8 (осум) опасности. Секоја од нив може да биде причинско-последично врзана за корупција. Од таа причина се цени дека изработката на Програма за спречување на корупција и

1 Правда, стручност, рамноправност, непристрасност, економичност, независност, одговорност,ефикасност и транспаретност

2 Апелациониот суд Скопје почитувајќи ги правата, слободите и дигнитетот на граѓаните со непристрасно и независно судење во рамки на својата надлежност, правично делејќи ја правдата во разумен временски период, врз основа на највисоки национални норми и меѓународни стандарди, обезбедува ефикасно и ефективно остварување на своите надлежностите и се грижи за јакнење на довербата на граѓаните и пошироката јавност во судските институции.

3 Апелациониот суд Скопје како независна, професионална, ефикасна и ефективна институција ќе продолжи со својата законита и транспарентна работа, да придонесува за зацврстување на владеење на правото, почитување на правата и слободите на граѓаните, обезбедување поголема сигурност, напредок и просперитет на граѓаните и исполниување на условите за пристап кон ЕУ.

4 Ризик- било кој настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на постигнувањето на стратешките и годишните цели на Апелационен суд Скопје. Пропуштените можности, исто така се сметаат за ризик

судир на интереси, иако обемна, комплексна и одговорна работа, е неопходен елемент на остварување на зацртаните цели. Се цени дека Програмата претставува моќна превентивна алатка во борба против корупција и треба да ја измени моменталната перцепцијата за работење, да допридонесе кон зголемување на ефикасноста во работењето на Апелациониот суд Скопје, но и да го зајакне интегритетот на истиот. Програмата со планот ќе биде разбирлива и конкретна рамка за постапување на вработените во Апелациониот суд Скопје за постигнување на општа цел „НУЛТА" корупција.

Програмата и планот за спречување на корупција и судир на интереси на Апелациониот суд Скопје се темелат на детална анализа за ризичните области за појава на корупција, а идентификувани се и причините, условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата во делокругот на работењето на институцијата. Проценката на ризикот вклучува утврдување и дефинирање на истиот како и евалуација на влијанието и последователните дејствија, а управувањето со утврдениот ризик од корупција, пак, опфаќа активности на планирање, мониторинг и контрола на превземените активности за зголемување на веројатноста институцијата да ги постигне своите цели. Проценката на ризикот од корупција и управувањето се меѓусебно поврзани, се спроведуваат постојано, и како рамка обезбедуваат спречување на корупцијата или минимизирање на штетните последици од истата.

## 2. Цел

Целта на Програмата и планот за спречување на корупција и судир на интереси 2023-25 на Апелациониот суд Скопје, е пред се, јакнење на личниот и на професионалниот интегритет на вработените во институцијата, со цел ефикасно спротивставување на корупцијата и судирот на интереси, како законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работите, така што вработените освен за зачувувањето на својот углед, ќе бидат одговорни и за зачувување на угледот на Судот.

Апелациониот суд Скопје се стреми да воспостави индивидуален интегритет на вработените, што подразбира личен однос кон прашањата на корупција, судир на интереси, јавнен интерес и способноста да се изгради отпорност кон сопствен начин на работа, како и отчетност, професионалност и правичност во одлуките и извршувањето на надлежностите утврдени со позитивните законски прописи и акти на Судот.

Апелациониот суд Скопје се стреми да воспостави и институционален интегритет што значи „неподмитливост кон корупција", односно воспоставен систем на политики, стандарди, механизми и процедури што го намалуваат ризикот од коруптивно однесување на вработените, а воедно ги мотивира за чесен и професионален однос при извршувањето на службените должности.

Апелациониот суд Скопје, во рамки на своите стратешки цели и определби во борба против корупцијата, ги вбројува следните цели:

- Зголемување на нивото на одговорност и демонстрирана волја за борба против корупцијата;
- Јакнење на интегритетот и отчетноста на судиите и судската служба базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет;
- Спроведување на надлежностите на Апелациониот суд Скопје на законски, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин;
- Подршка во дигитализација/ автоматизација на судството;
- Јакнење транспарентноста во работењето;
- Подигнување на јавната свест и спроведување антикорупциска едукација;

- Мотивирање граѓаните да пријават корупција и судир на интереси;.
- Зајакнување на капацитетите и на посветеноста на судството во откривањето и санкционирањето на корупцијата и судирот на интереси во Судот и судовите од подрачјето;
- Јакнење на отпорноста од корупција во судството, градење личен и професионален интегритет;
- Активно учество во елиминирање на факторите кои придонесуваат за создавање на лоша перцепција кај јавноста во врска со корупција во судот;
- Развивање отчетност за јавните набавки и планирањето и трошењето на средствата;
- Одржување на безбедноста на податоците и зголемување на ефективното зачувување на податоците преку обновување на ИТ во Судот;
- Елеминирање на услови за коруптивни активности при вработување;
- Одржување на безбедноста на податоците и ефективно зачувување на податоците преку обновување на ИТ во АС Скопје.

3. **Листа на поими**

Под *„корупција"* се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Притоа, под овој поим се опфатени и поимите: - пасивна корипција- намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски; и -активна корупција- намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

*„Судир на интереси"* е состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Под поимот *„јавен интерес"* се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот познати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштитата на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемаштвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

Под поимот *„приватен интерес"* се подразбира материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на јавните овластувања или службени должности.

*Под поимот „корист" се подразбира* остварување на секој вид материјална или нематеријална корист, придобивка, погодност или предност за себе или за друг.

Под поимот „*ризик од корупција*“ се подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и докуменмти и други прашања од значење на интегритетот.

Под поимот „*интегритет*“ се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција со тоа обезбедуваат доверба кај граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

Поимот „кронизам“ најчесто опфаќа ситуации во кои се претпочитаат пријатели или соработници, без оглед на тоа колку се соодветни. Најголема веројатност за појава на кронизам има во контекст на одлучувањата во рамки на надлежностите на институцијата независно од Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, а спротивно на целта и функцијата на Судот за непристрасно применување на правото независно од положбата и својството на странките; заштита, почитување и унапредување на човековите права и основни слободи, обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по било кој основ и обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото.

Под поимот „*непотизам*“, во најширока смисла, се подразбира влијание на семејните и роднинските врски при донесување на одлуки.

Под поимот „*клиентелизам*“ се подразбира давање привилегии или продобивки на странките во замена на услуги, придобивки.

## 4. Законска рамка

Во насока на борба против корупцијата, важечка е националната позитивна регулатива која ги опфаќа следните законски и подзаконски акти:

- Закон за судовите (Службен Весник на РМ бр.58/06, 62/06, 35/08, 61/08, 118/08, 16/09, 150/10, 39/12, 83/18, 198/18 и 96/19)
- Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на РСМ бр. 12/2019)
- Закон за заштита на укажувачите (Службен Весник на РСМ бр. 196/15, 35/18 и 257/20)
- Закон за судскиот буџет (Службен Весник на РСМ бр.60/03, 37/06, 103/08, 145/10)
- Закон за плати на судиите (Службен Весник на на РСМ бр.110/07, 103/08, 161/08, 153/09, 67/10, 97/10, 135/11, 231/15 и 248/18)
- Закон за судската служба (Службен Весник на на РСМ бр. 43/14, 156/14, 33/15, 98/15, 6/16, 10/17, 73/17, 198/18, 248/18, 95/20, 215/21 и 235/22)
- Закон за административни службеници (Службен Весник на РСМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18, 275/19, 14/20, 112/20, 215/21, 99/22)
- Закон за Академија на судии и јавни обвинители (Службен Весник на на РСМ бр. 20/15, 192/15, 231/15 и 163/18)

- Закон за управување со движење на предметите (Службен Весник на РМ бр.42/20)
- Закон за постапување по претставки и предлози (Службен Весник на РСМ бр. 82/08, 56/09, 13/13, 156/15, 193/15)
- Закон за слободен пристап до информациите од јавен караткter (Службен Весник на РСМ бр. 101/19)
- Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија (Службен Весник на РСМ бр. 102/19)
- Судскиот деловник (Службен Весник на РСМ бр. 66/13 и 114/14 Сл.в. на РМ бр.66/13 и 114/14)

- Правилник за додатоци на плата, нивната висина и начинот на утврдување за судските службеници (веб-страна на Судскиот совет на РСМ)

- Правилник за додатоци на плата, нивната висина и начинот на утврдување за судиите во Република Северна Македонија (веб-страна на Судскиот совет на РСМ)

- Кодекс за етика на судиите и судиите поротници (веб-страна на Судскиот совет на РСМ).

Од аспект на планови и програми кои се од суштинско значење за функционирање на Судот, и следствено на тоа за борба против корупцијата, се следните:

- Национална стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2021-2025
- Стратегија за реформа на правосудниот систем за периодот 2017-2022 со акциски план
- Стратешки план на Апелациониот суд Скопје за периодот 2020 - 2023 со акциски план
- Политика на интегритет
- Методологија за идентификација, вреднување и анализа на ризици
- Процедура за начинот и постапката на планирање, спроведување и реализација на набавките на Апелационен суд Скопје, Процедура за укажувачи, Процедура за заштита, безбедност и користење на класифицирани информации и целокупната документација за стандардизација на работењето на Апелациониот суд Скопје ИСО 9001:2015.

## 5. Проценка на ризици од корупција

### 5.1. Клучни фактори во борба со корупцијата

**Независност**

Независноста е цел на секое модерно општество и предуслов за владеење на правото и претставува основна гаранција за правично судење. Оттука поддршката за воспоставување независно судство е од големо значење за создавање поволна правна клима во која судовите ќе работат. Во таа насока, и Апелациониот суд Скопје, работи поставувајќи посебен акцент на постапките за кривични дела со коруптивен елемент, особено кога станува збор за високо ниво на корупција. Наведеното, особено од причина што, Апелациониот суд Скопје е единствен второстепен суд кој постапува по ваков вид предмети, кои претставуваат посебен сегмент на постапување во рамките на Кривичниот оддел на судот.

Кога станува збор за вакви случаи, неопходно е објективно дејствување независно од надворешните влијанија. Кога станува збор за независноста на судството, треба да се обрне внимание на независноста на судовите и судиите од политичко влијание и секаков облик на надворешно влијание. Независноста не се добива по автоматизам, напротив, судската независност е детерминирана од повеќе фактори и не е доволна само законита рамка. Независноста на судстово е право на граѓаните, а не привилегија на судиите. Независноста на судството и судиите, не е привилегија дадена во интерес на судиите, туку истата е во интерес на владеење на правото, како право на граѓаните. Судот со своето постапување треба да изгради општо прифатени стандарди од кои судијата нема да има потреба, ниту можност да излезе. Овие стандарди се најсилен гарант за неговата независност и одбрана од секаков вид влијание.

Само добро обучени судии можат да одолеат на притисоци и влијанија па од големо значење е улогата на Академијата судии и јавно обвинители во унапредувањето на судската независност, преку создавање квалитетни кадри.

Секако, непремостив е и фактот на врската буџет-независност. Независноста на судот во голем дел е детерминирана и од буџетот.

**Јавно мислење**

Прецепцијата на јавноста за корупцијата е важен параметар за мерење на нивото на корупција со кое се соочуваат државите. Висок процент на недоверба има директни последици и се смета за важно прашање бидејќи сериозно ја поткопува довербата на граѓаните во институциите. Довербата на јавноста во судството е од клучно значење во системот на кривичната правда, на кој акцент става и Европскиот суд за човекови права Во таа насока треба да развива ефективна политика за комуникација во рамките на судскиот систем, што би вклучило општи стандарди и правила на однесување.

Јавното мислење се формира во голема мера и преку медиумите и секогаш не е вистинска рефлексија на реалната состојба, па во тој контекст потребно е судот да се доближи до медиумите, но и да се најде начин да се доближи судската пракса до граѓаните.

**Судир на интереси**

Темелно начело во спречувањето на судир на интереси наложува дека во вршењето на должностите службеното лице не смее својот приватен интерес да го стави над јавниот интерес. Ситуации на судир на интереси кои сериозно го поткопуваат интегритетот и транспарентноста на институциите се едни од најважните причини за недоверба на јавноста, особено во судството - судот. Надзорната улога на Судскиот совет е клучна во спречувањето и решавањето на судирот на интереси преку зајакнати механизми за давање насоки и совети, проактивен пристап кон подигање на свеста и евалуацијата на судиите. Во таа насока голема улога игра и мобилизирањето на Академијата за судии и јавни обвинители преку редовната обука и зголемувањето на знаењето.

Судирот на интереси всушност подразбира состојба на приватен интерес што влијае или може да влијае врз судијата при вршење на неговата функција. Меѓународните стандарди, насоки и препораки дефинираат дека:

- Јавниот интерес мора да биде на прво место;
- Транспарентноста на процесот на донесување одлуки е од исклучително значење;
- Систем за пријавување и следење на имотот и интересите да биде воспоставен;
- Индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување;
- Организациската култура која не толерира судир на интереси мора да се поттикнува и развива.

Постоењето на судир на интереси, наспроти корупцијата, е природна ситуација во секојдневниот живот. Тоа значи дека судирот на интереси е

потенцијален ризик што доколку соодветно не се управува често претставува вистински влез во корупцијата. Корупцијата секогаш вклучува и судир на интереси, иако не значи дека сите случаи на судир на интереси се и случаи на корупција. Затоа, решението е во навременото и правилното управување со судирот на интереси.

Оттука, темелни механизми за спречување на судир на интереси се: контрола со постоење на соодветна законска регулатива и политичка волја за спроведување, избегнување со зголемување на свеста за препознавање на судирот на интереси и објавување со подигање на свеста за потребата од пријавување случаи на потенцијален судир на интереси. Воедно, етичките кодекси се исклучително важни за развој на професионален интегритет и нетолеранција на корупција, така што претставуваат водич за избегнување на потенцијалниот судир на интереси и коруптивно однесување.

**Интегритет на човечки фактор**

Интегритетот е атрибут на чесност и праведност. Судијата, секогаш, не само во извршување на службените должности, постапува чесно и на начин кој е од корист за соодветно вршење на судиската функција. Целта на Апелациониот суд Скопје е унапредување и следење на системот за интегритет и утврдување на ефикасноста на применетите политики и процедури кои овозможуваат доследна примена на стандардите за интегритет. Како таков е и потписник на Политиката за интегритет со номинирано лице за интергритет.

Јакнењето на интегритетот на човечкиот фактор во судството се постигнува и преку афирмација на кодексите за професионално однесување. Кодексите, генерално воспоставуваат задоволителна рамка за стандардите на професионално однесување на судиите, меѓутоа истите не се пропратени со соодветни примери и коментари, кои би ја олесниле нивната примена. Треба да се запознаваат судиите со стандардите регулирани со кодексот за професионално однесување преку задолжителни обуки за судиите и судската служба заради имплементација на истите.

**Волја/мотив**

Судијата и судската служба треба да има волја/мотив да се справи со сложени или чувствителни судски случаи, како и со случаи на висока корупција. Подобрувањето може да се постигне преку редовна обука и евалуација на судиите, претседателите на судовите и вработените во судската служба.

Судиите ги уживаат сите права како и секој друг член на општеството, вклучително и слобода на здружување, слобода на говор, право на синдикално здружение и сл. Но, судиите, заради нивната клучна улога во животот на политиката, истовремено се подложени на строга должност на непристрасност и овие очигледно контрадикторни права и должности се закануваат да предизвикаат судир на интереси. Имено, вклученоста на судиите во општеството како граѓани може да ја загрози нивната непристрасност во нивната судска улога. Затоа е неопходна волјата да се воспостави разумна рамнотежа помеѓу овие очигледно спротивставени барања.

**Транспарентност**

Употребата на современи информациски технологии е од суштинско значење за да се зголеми транспарентноста на системот. Судските рочишта треба да бидат јавни, освен ако, од оправдани причини, поинаку не е предвидено со закон, или кога, според мислењето на суд, приватноста не смее да се наруши. Ажурноста на информации и објавување на судските одлуки, јакнење на човечки капацитети и технички услови, ќе ја зголеми јавноста и транспарентноста.

Додека се наоѓаме во медиумско општество, каде што информациите циркулираат исклучително брзо од едно на друго лице, граѓаните имаат тенденција да ја сметаат транспарентноста како крајно барање што се очекува од носителите на јавни функции, вклучително и

судиите.Транспарентноста е една од вредностите -заслугите што ги поддржува и Европската мрежа на совети за судството. Така, Извештајот за судска етика 2009-2010 година укажува на тоа дека „Во неговиот приватен живот и во општеството, судијата е секогаш буден за да избегне каков било судир на интереси. Со тоа, тој обезбедува транспарентност во однос на неговата непристрасност“. Во оваа смисла, барањето за транспарентност може да се смета како спречување на создавање судир на интереси.

**Ефикасност**

Еден од најголемите проблеми е ефикасност на судските постапки. Премногу долгото траење на судските постапки го прекршуваат правото на судење во разумен рок, ги зголемуваат можностите за слаби резултати и доведува до општа недоверба во судството. Исто така, постои ризик, меѓу другото, дека случаите на корупција ќе станат застарени. Решавање на старите случаи мора да се дефинира како приоритет преку имплементација на единствените програми за нивно решавање. Така, во овој дел Апелациониот суд Скопје се соочува со недостиг на носители на судиска функција што може да претставува ризик во смисла на изнесеното.

## 5.2 Ризични области за корупција и судир на интереси во рамки на делокругот на работење на Апелационен суд Скопје

Под фактор на ризик од корупција се подразбира како поттикнување, вршење и толерирање на корупција. Ризичните области во рамките на делокругот на работењето на Апелациониот суд Скопје произлегуваат пред се од специфичностите на надлежностите на Судот, кои пак се обезбедуваат во директна комуникација со странките заради примена на правото во заштита на човековите права и слободи. Ризикот од коруптивно однесување во Апелациониот суд Скопје би можел да се манифестира како:

- злоупотреба на службената положба и овластувања заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална или нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес за себе или за друг,
- постапување или непостапување на Претседателот на Судот, судиите и судската служба при извршување на задачите и обврските од работното место за што како возврат самите бараат или прифаќаат некаква понудена корист, погодност или интерес за себе или друг;
- непочитување на законска, поздаконска регулатива и стандардизираните процедури при работењето,
- непочитување на временските рамки на постапување, утврдени со законската, подзаконската регулатива и стандардизираните процедури при работењето,
- малиот број на судии во корелација со малата општествена средина во земјата овозможува релативно лесен и брз пристап до Судот, па оттука и можноста за лесно развивање на спрега помеѓу различните актери во конкретен предмет,
- „недопирливост“ на судство – непроцесирање на постапи за злоупотреба на позицијата или судир на интереси од страна на судии,
- ненавремено пријавен судир на интереси,
- злоупотреба на службените возила или картичките за полнење гориво за приватни цели,
- прифаќање на подароци и услуги,
- свесно губење, подметнување или прикривање на докази,
- наплата на услуги кои согласно законската, поздаконската регулатива се бесплатни или наплата на сума повисока од таа што е законски предвидена,

- нудење на услуги за кои Судот нема надлежност,
- вработување и унапредување спротивно на закон и/или барање на материјална или друга нематеријална корист за реализирање на постапката за вработување,
- непочитување на законските одредби и стандардните постапки во процедурата за јавни набавки и др.

### 5.3 Алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области

Апелациониот суд Скопје, како имплементатор на Политиката за интегритет, Методологијата за идентификација, вреднување и анализа на ризици, утврден Регистар на ризици и политика со ризици, воспоставува алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области во Судот.

Алатките и механизмите (обуки, евалуацииии, листи на проверка на утврдени задолжителни дејствија и процедури, редовни објави...) кои континуирано ги имплементира Судот се дефинирани согласно законските, подзаконските и стададизираните процедури на Судот и целосно вградени во Акциониот план даден во точка 6 од овој документ.

○ .

## 6.АКЦИОНЕН ПЛАН НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Акциониот план има за цел да воспостави ефикасен систем на мерки и активности кои ќе озвозможат превенција и борба со корупцијата.

| Р.бр. | Цел | Активност | Носител | Соработка | Рок на имплементација | Индикатор на успешност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Зголемување на нивото на одг оворност и демонстрирана волја за борба против корупцијата** | Континуирано следење на работата на секој поединец, судија и вработен во судовите кое резултира со редовна реакција на детектираните слабости и процесуирање на | Претседател на Суд, во рамки на законска обврска, покажува јасна определба и | | Континуирано | Број на информации до надлежни органи |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | случаите кои укажуваат на коруптивни дејствија. | видлива активност во врска со нетолеранција и на несоодветно однесување, можни случаи на корупција и судир на интереси<br><br>Судски администратор | | | |
| | | Целосна примена на АКМИС во движењето на предметите во Судот | Претседател<br><br>Судии<br><br>Судска служба | Национално тело за ИКТ | Континуирано | Внес на сите новодојдени поднесоци/предмети на дневно ниво, запазувајќи ги деловничките и законските рамки на работењето<br><br>Автоматска распределба на предмети спроведена |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | согласно законски утврдените правила<br><br>Движење на предметите преку АКМИС |
| | | Целосна примена на стандардот ISO 9001:2015 | Претседател на Суд<br><br>Судии<br><br>Судска служба | Проверувач | Континуирано | Успешно поминатa надзорна проверка |
| | | Редовно и ажурно постапување по поднесени претставки, укажувања и барања за утврдување на одговорност | Претседател на Суд<br><br>Судски администратор | | Континуирано | Совладан прилив |
| | | Информирање на јавноста за определбата за борба со корупцијата и нетолерантност на односи кои генерираат корупција или посредно создаваат перцепција за корупција | Претседател на Суд<br><br>Портпарол, судија одговорен за прашања во врска со предмети од конкретна | | Континуирано | Број на соопштенија |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | област<br><br>Судски администратор<br><br>Лице за односи со јавност | | | |
| **2** | **Јакнење на интегритетот и отчетноста на судиите и судската служба базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет** | Следење на почитувањето на законските прописи и кодексите за етичко однесување | Претседател на Суд<br><br>Портпарол, судија одговорен за прашања во врска со предмети од конкретна област<br><br>Судии<br><br>Судска служба<br><br>Судски администратор<br><br>Лице за односи со јавност | | Континуирано | Обезбеден текст на внатрешната веб страна на Судот<br><br>Точка на дневен ред за дискусија |
| | | Обука од областа на интегритет | Претседател на Суд | Академија за судии и јавни | Континуирано | Број на посетители |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | во работењето | Судии<br>Судска служба | обвинители | | |
| | | Следење на меѓународна рамка на регулатива од областа, домашна рамка, концентрацијата е на развој на политики и строго дефинирани и применливи процедури за имплементација на овие рамки | Претседател на Суд<br>Судии<br>Судски администратор<br>Лице за односи со јавност | | Континуирано | Кореспонденција |
| 3 | **Спроведување на надлежностите на Апелациониот суд Скопје на законски, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин** | Поставување на прецизни цели, евалуација на индивидуални и резултати на ниво на оддел и Суд на месечно, квартално и годишно ниво, имплементација на пракси утврдени на колегиуми на судии, седница на судии и работни тела формирани согласно законска. Подзаконска регулатива и имплементирана внатрешна процедура. | Претседател на Суд<br>Судии<br>Судска служба<br>Судски администратор | | Континуирано | ФК 6.2 Преглед и реализација на цели |
| | | Редовно известување за секој случај на било какво влијание или притисок, писмено | Сите субјекти во судството | | Континуирано | Број на известувања |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | реагирање од страна на Судскиот совет на РСМ и судовите и јавност на процесот. | | | | |
| **4** | **Подршка во дигитализацијата/ автоматизацијата на судството** | Вмрежување на електронските податоци и достапност на електронски акти (уверенија , потврди и слично, кои се издаваат од страна на судовите) | Претседател на Суд<br><br>Раководител на одделение за информатика | Националнот о тело за ИКТ<br><br>Судско буџетски совет | Континуирано | Учество на Апелационен суд Скопје преку човечки ресурси, нивни анализи, евалуации и предлози |
| | | Одржување на безбедноста на податоците и зголемување ефективното зачувување на податоците преку обновување на ИТ во АС Скопје | Претседател на Суд<br><br>Раководител на одделение за информатика | | | Спроведување на процедури согласно ISO 9001:2015 |
| | | Целосна примена на АКМИС во движењето на предметите во Судот | Претседател<br><br>Судии<br><br>Судска служба | ИКТ | Континуирано | Внес на сите новодојдени поднесоци/предмети на дневно ниво, запазувајќи ги деловничките и законските рамки на работењето |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Автоматска распределба на предмети спроведена согласно законски утврдените правила<br><br>Движење на предметите преку АКМИС |
| **5** | **Јакнење на транспарентноста во работењето** | Транспарентност во работењето на Судот преку:<br><br>- Дневна достапност и редовна комуникација на портпаролите на судот со јавноста<br><br>- Целосно и навремено совладување на приливот на предмети од страна на канцеларијата за односи со јавноста<br><br>- Целосно совладан прилив на поднесоци од странки до Судот<br><br>- Редовно ажурирање на содржините на веб порталот на Судот и внатрешната страна на | Претседател на Суд<br><br>Лица задолжени за комуникација со јавноста | | Континуирано | Број на постапувања по секоја од предвидените активности |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Судот<br><br>- 100% објава на одлуките предмет на анонимизација (член 9 став (2) од Законот за управување со движењето на предметите во судовите<br><br>- спроведена анкета за мерење на задоволството од услугите на Судот и измерено 60% задоволство на странките од работата на Апелациониот суд Скопје на секое прашање од спроведена анкета | | | | |
| **6** | **Подигнување на јавната свес т<br>и спроведување антикорупци ска едукација** | Следење и активно учество во реализирање на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси во делот на правосудството со координација | Апелационен суд Скопје | ДКСК<br><br>ССРСМ | Континуирано | Обезбеден текст на внатрешната веб страна на Судот<br><br>Број на координации |
| | | Вработување на советник за односи со медиумите и јавноста - новинар | Претседател на Суд<br><br>Судски администратор | МИОА<br><br>Судско буџетски совет | 2023 година | Измена на План за вработување, одобрен |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Министерств о за финансии | | Вработено лице на работното место |
| 7 | **Мотивирање на граѓаните д а пријават корупција и судир на интереси** | Објава на процедура за заштита на укажувачи и основни информации за контакт со лице овластено за заштитено пријавување, на контакт информации и форми кои ја олеснуваат достапноста на Судот во делот на слободен пристап до информации, преку веб страната на Апелациониот суд Скопје, но и користење на веб страната на Судот како алатка за информирање на рамките во кои Судот е должен да постапува. | Претседател на Суд<br><br>Судии<br><br>Судска служба<br><br>Судски администратор | | Континуирано | Објавена процедура и контакт информации<br><br>Контакт информации и образец за обезбедување на информации од јавен карактер<br><br>Објава на линк на регулатива по која постапува Судот |
| 8. | **Зајакнување на капацитетите и на посветеноста на Судот во откривањето и санкционирање на корупцијата и судирот на интереси во Судот и судовите од подрачјето** | Реагирање на секаков облик на можна корупција или судир на интереси, споделување податоци со ДКСК, финансиска полиција и надлежното ОЈО | Претседател на суд<br><br>Судија<br><br>Судска служба | | континуирано | Број на писмена |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Предметите на Апелациониот суд по кои се постапува по вонреден правен лек од страна на повисокиот суд се потврдени<br><br>Целосно совладан прилив на предмети<br><br>Намалување на заостатокот на нерешени предмети<br><br>Намален остаток на стари предмети во однос на претходната година<br><br>Остварување на ориентационата норма од ССРСМ на ниво на судија од секој судија на Судот и надминување на истата<br><br>Намалување на периодот потребен за решавање по предметите одлучени по жалба против одлуките на основните судови од подрачјето на АС Скопје<br><br>Зголемување на успех (намалување на бројот на предмети со пречекорен рок) | Претседател | | континуирано | Реализиран показател согласно ФК 6.2 Преглед и реализација на цели/ ISO 9001:2015 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Детално образложение на причините за донесена одлука, избегнување на обрасци, терковско работење и општи формулации, со што ќе се постигне индивидуализирање на одлуките за секој случај одделно и редовно објавување на правосилните одлуки | Претседател на Суд<br><br>Судии<br><br>Стручни судски службеници | | континуирано | Индивидуализирање на одлуките за секој случај одделно и редовно објавување на правосилните одлуки |
| 9 | **Јакнење на отпорноста од корупција во судството, градење личен и професионален интегритет** | Едукации, промовирање на Кодексот за етика на судиите и судиите поротници и Кодексот за етика на административните службеници, добрите практики за етичко однесување | Судскиот совет на РСМ | Академија за судии и јавни обвинители | континуирано | Број на посетители<br><br>Број на спроведени обуки преку Академијата за судии и јавни обвинители<br><br>Број на потсетници за објава на текстот на Кодексот |
| | | Овозможување подобар статус на судиите и вработени во судската служба преку | Претседател на Суд | Судски буџетски | континуирано | Број на дописи и реакции |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | актуелизирање на состојбата,потребите, наметнување постојано на проблемите и лобирање. | | совет | | |
| 10 | **Активно учество во елиминирање на факторите кои придонесуваат за создавање на лоша перцепција кај јавноста во врска со корупција во Судот** | Пријавување на случаи и следење на состојбите | Претседател на Суд<br><br>Судии<br><br>Судска служба | Судскиот совет на РСМ<br><br>Јавно обвинителств о<br><br>Адвокатска комора | континуирано | Број на информации, консултации и реакции |
| | | Постапување по претставките и ургенции за работењето на Судот во кратки рокови | Претседател на суд<br><br>Судски советник распореден на постапување на претставки и поплаки | | континуирано | Целосно совладан прилив |
| 11 | **Развивање отчетност за јавните набавки и** | Редовна дистрибуција на | Лице за јавни | | континуирано | Изготвени и дистрибуирани |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **планирањето и трошењето на средствата** | месечни извештаи за имплементација на Планот за јавни набавки до Претседател на Суд и Комисија за јавни набавки | набавки<br><br>Претседател на Судот<br><br>Комисија за јавни набавки | | | месечни извештаи на/од: Лице за јавни набавки-Комисија за јавни набавки-Претседател на Суд |
| | | Функционален линк поставен на веб страната на Апелационен суд Скопје од Судот како договорен орган на ЕСЈН | Раководител на одделемие за информатика<br><br>Лице за јавни набавки | | континуирано | Функционален линк поставен на веб страната на Апелационен суд |
| | | Интерна проверка | Претседател на суд<br><br>Лице за јавни набавки<br><br>Одделение за материјално и финасово работење<br><br>Комисија за | | Согласно План и Програма за спроведување на интерни проверки | Извештај од спроведена проверка со предлог мерки |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | јавни набавки<br><br>Интерни проверувачи | | | |
| | | Внатрешна ревизија | | Стручна служба на Судско буџетски совет (СБС) | Согласно План и Програма за спроведување на внатрешна ревизија на СБС | |
| 12 | **Елеминирање на услови за коруптивни активности при вработување/унапредување** | Задолжително пријавување на постоење основ за изземање од постапување | Претседател на Суд<br><br>Судиии<br><br>Комисија за селекција при вработување | | континуирано | Број на барања за изземање<br><br>Број на Изјави за немање на судир на интереси |
| | | Задолжително пријавување на секаков вид на притисок и влијание во работата | Претседател на Суд<br><br>Судии<br><br>Вработени во судска служба | | континуирано | Број на пријави |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | **Одржување на безбедноста на податоците и ефективно зачувување на податоците преку обновување на ИТ во АС Скопје** | Редовни надградби и обновување на постоечката хардвердска инфраструктура | Претседател<br><br>Раководител на одделение за информатика | Судски буџетски совет | | |
| | | Ажурно дефинирање на корисници со соодветни кориснички привилегии и права на пристап | Претседател<br><br>Раководител на одделение за информатика<br><br>Судски администратор | | | |
| | | Одржување на интегритетот и безбедноста на податоците преку соодветно организирање и складирање на истите | Претседател<br><br>Раководител на одделение за информатика | Врховен суд на РСМ | | |

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**

М-р Мери Дика Георгиевска

в.д Претседател на Судот